**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
Бр. 13-3000/1
Скопје 28.01.2009 год.

**До:**____________________________

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Со оглед на тоа дека се наоѓаме пред период на непосредна имплементација на мерките предвидени со воведувањето на системот на договарање, пресметка и исплата на бруто плата на вработените, кој ќе се применува со исплата на јануарската плата на вработените, во прилог ви доставуваме конкретни инструкции за спроведување на различните активности релевантни за успешно започнување на реформата.

**Министер за финансии**
**Д-р Трајко Славески**

# Упатство за примена на концептот на пресметка и исплата на бруто плата на вработените во институциите – буџетски корисници

**Вовед**

Од 01.01.2009 година во Република Македонија се воведе системот на договарање, пресметка и исплата на бруто плата на работниците, кој ќе се применува со исплата на јануарската плата на вработените. Истовремено, како составен дел на системот е и интегрираната наплата на сите социјални придонеси и персоналниот данок на доход од страна на Управата за јавни приходи.

## Законска регулатива

Измените во законите се во насока промена на процентите поврзани со утврдување на одредени права или промена на бројот на бодовите или коефициентите преку кој се утврдува основната плата на вработените. Истите се променети во насока на овозможување вработените да добијат плата во бруто износ. Со измените во законите се овозможува утврдување на основната плата во бруто износ. Согласно Законот за работните односи платата е составена од основна плата, дел од плата за работна успешност и додатоци на плата. Додатоците на платата се определуваат за посебните услови при работа, за работа во смени, ноќна работа, продолжена работа, работа во празници и додаток за работен стаж. Правото на додаток е утврдено во Законот за работни односи, како и во Законот за државни службеници, додека износот на правото е утврден со колективни договори. Во продолжение, таксативно се наброени законите релевантни за реформата.

Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/08)
Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност („Сл. весник на РМ” бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08 и 161/08)
Закон за работните односи („Сл. весник на РМ“ бр. 62/05, 101/08 и 161/08)
Закон за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 84/05, 101/05, 70/06, 153/07 и 161/08)
Закон за исплата на платите во Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр.70/94, 62/95, 33/97, 50.01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07 и 161/08)
Закон за волонтерство („Сл. весник на РМ“ бр. 85/07 и 161/08)
Закон за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/08,161/08 и 6/09)
Закон за платите на судиите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/07, 103/08 и 161/08)
Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката („Сл. весник на РМ“ бр. 36/90, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07 и 161/08)
Закон за пратениците („Сл. весник на РМ“ бр. 84/05 и 161/08)
Закон за здравствено осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08 и 6/09)
Закон за персонален данок на доход („Сл. весник на РМ“ бр. 80/93, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/02, 120/05, 52/06, 139/06, 6/07, 160/07 и 159/08)
Закон за данок на добивка („Сл. весник на РМ“ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05, 139/06, 160/07 и 159/08)
Закон за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00,

112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06, 36/07, 161/08 и 6/09)
Закон за Македонската академија на науките и уметностите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/96 и 5/09)
Закон за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/02, 98/02, 25/03, 71/03, 112/05, 134/07 и 6/09)
Закон за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06 и 6/09)
Закон за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/95, 15/97, 55/97, 38/02, 33/03, 19/04, 51/05, 84/08 и 6/09)
Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08 и 6/09)
Сите колективни договори

## Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување

Согласно Законот за продонеси од задолжително социјално осигурување како **обврзник за плаќање на придонеси** се дефинира осигуреникот, односно вработениот во чие име и за чија сметка се плаќаат придонесите. Истото е направено согласно промената на концептот на исплата на плата, односно преминот од исплата на нето кон исплата на бруто плата на работникот. Согласно истиот закон, **обврзник за пресметка и уплата на придонесите** е работодавачот кој има обврска на товар и за сметка на обврзникот за плаќање на придонеси да ги пресмета, задржи и уплати придонесите за задолжително социјално осигурување.

Основица за пресметка и плаќање на придонеси е плата, дополнителни примања од работен однос утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и договорот за вработување, за лице во работен однос. Основицата за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување, не може да биде пониска од 50% од просечната бруто плата по работник во Република Македонија објавена во тековниот месец. Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите е износот од четири просечни бруто плати. При пресметка на највисоката месечна основица се зема во предвид просечната бруто плата по работник во Република Македонија објавена во тековниот месец. Највисоката месечна основица ги вклучува сите примања на обврзникот за плаќање на придонеси од работен однос остварени во тековниот месец. На износот повисок од највисоката месечна основица не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.

Стапките по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите почнувајќи со исплата на плата за јануари 2009 година се:

1) 19% за задолжително пензиско и инвалидско осигурување;
2) 4% стапка на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест;
3) 7,5% за задолжително здравствено осигурување;
4) 0,5% стапка на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување;
5) 1,4% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност.

Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење почнувајќи со исплата на плата за јануари за 2009 година изнесува:

- 9,50% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци;
- 7,92% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци;
- 6,33% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;

- 4,75% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;
- 3,17% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

Стапките по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите почнувајќи со исплата на плата за јануари 2010 година се:

1) 16,5% за задолжително пензиско и инвалидско осигурување;
2) 4% стапка на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест;
3) 7% за задолжително здравствено осигурување;
4) 0,5% стапка на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување;
5) 1,2% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност.

Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење почнувајќи со исплата на плата за јануари 2010 година изнесува:

- 8,25% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци;
- 6,88% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци;
- 5,50% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;
- 4,13% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;
- 2,75% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

Стапки по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите почнувајќи со исплата на плата за јануари 2011 година се:

1) 15% за задолжително пензиско и инвалидско осигурување;
2) 4% стапка на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест;
3) 6% за задолжително здравствено осигурување;
4) 0,5% стапка на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување;
5) 1% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност.

Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење почнувајќи со исплата на плата за јануари 2011 година изнесува:

- 7,50% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци;
- 6,25% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци;
- 5,00% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;
- 3,75% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;
- 2,50% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

**Важно**: *Обврзник за плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење е работодавачот. Значи, придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење се утврдува од бруто платата на работникот, но се плаќа од страна на работодавачот, односно не се одбива од платата на работникот.*

Најзначајни измени кои што се направени, а се однесуваат на најголемиот број на категории вработени кои платите ги земаат од Буџетот на Република Македонија, буџетите на фондовите односно од буџетите на единиците на локалната самоуправа се измените на Законот за работни односи, Законот за државните службеници и Законот за водите.

## Закон за работните односи

Во членот 113 се бришат точките кои се однесуваат на надомест за исхрана за време на работа и превоз до и од работа доколку се исплатуваат во паричен износ. Надоместокот за исхрана за време на работа и надоместокот за превоз до и од работа, кои се исплатуваат во паричен износ на почетокот на месецот, ќе треба да се вклучат во бруто платата на вработените и соодветно на истото како плата ќе се добиваат на крајот на месецот.

При вклучувањето на надоместокот за исхрана за време на работа и надоместокот за превоз до и од работа, кои се исплатуваат во паричен износ во платата на вработените, значајно е да се има во вид дека истите до сега се исплатуваа за 11 месеци. Оттаму, износот кој ќе се вклучи во платата на вработените не смее да го надмине износот за надоместок за исхрана за време на работа и износот на надоместокот за превоз до и од работа на годишно ниво. На пример, на годишно ниво вработениот добивал 35200 денари (11 месеци * 3200 денари од кои 2300 денари - надоместок за исхрана и 900 денари - надоместок за превоз). Во платата на вработениот на месечно ниво ќе се вклучи износ од 2930 денари, кој се добива кога вкупниот годишен износ кој го добивал работникот од 35200 денари, ќе се подели на 12 месеци. Почнувајќи со исплатата на јануарската плата овој износ од 2930 денари ќе биде дел од платата и ќе се исплатува 12 месеци.

Работодавецот на свој трошок на работниците може да им организира превоз до и од работното место, како и исхрана за време на работа.

## Закон за државните службеници

Согласно промената на концептот на исплата на плата на државните службеници, односно премин кон концептот на договарање, пресметка и исплата на бруто плата на вработените, неопходно беше да се интервенира во бројот на бодови и вредноста на бодот за државните службеници. Имено, интервенции се направија во Законот за државни службеници во насока на промена на бројот на бодови за различните звања на државни службеници, додека бодовите кои беа утврдени за образование останаа непроменети. Со цел овозможување работниците и по променетиот концепт да добијат идентична плата која што ја носат дома (take home плата) односно износот на нето платата и надоместокот за храна и превоз кој бил исплатуван за декември 2008 година да е идентичен со нето платата која ќе ка добиваат во 2009 година, неопходно беше да се интервенира и во вредноста на бодот.

## Закон за водите

Согласно Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08 и 6/09), вработените плаќаа 0,2% придонес за водостопанство од плата, а лицата кои се занимаваат со слободни занимања 0,2% од основицата на која плаќаат персонален данок на доход. Со Законот за изменување и дополнување на законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/09), укината е обврската вработените да го плаќаат придонесот за водостопанство, така што од 01.01.2009 година истиот нема да се пресметува и плаќа од платата на вработениот.

## Како ќе се пресметуваат платите на државните службеници

Табела 1.

| | 2008 | | | | | | | 2009 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Звање | бодови | | | вредност | | | | бодови | | | вредност | | |
| | звање | образование | вкупно | на бодот | нето плата | храна и превоз | **заработувачка** | звање | образование | вкупно | на бодот | цела плата | **заработувачка** |
| Генерален секретар | 660 | 200 | 860 | 48,52 | 41727 | 2.933 | **44660** | 706 | 200 | 906 | 75,3 | 68.222 | **44662** |
| Државен секретар | 625 | 200 | 825 | 48,52 | 40029 | 2.933 | **42962** | 671 | 200 | 871 | 75,3 | 65.586 | **42964** |
| Секретар на град Скопје | 615 | 200 | 815 | 48,52 | 39544 | 2.933 | **42477** | 661 | 200 | 861 | 75,3 | 64.833 | **42479** |
| Секретар на општина со седиште во град | 550 | 200 | 750 | 48,52 | 36390 | 2.933 | **39323** | 596 | 200 | 796 | 75,3 | 59.939 | **39325** |
| Секретар на општина со седиште во село | 460 | 200 | 660 | 48,52 | 32023 | 2.933 | **34956** | 506 | 200 | 706 | 75,3 | 53.162 | **34957** |
| Државен советник | 470 | 200 | 670 | 48,52 | 32508 | 2.933 | **35441** | 516 | 200 | 716 | 75,3 | 53.915 | **35443** |
| Раководител на сектор | 450 | 200 | 650 | 48,52 | 31538 | 2.933 | **34471** | 496 | 200 | 696 | 75,3 | 52.409 | **34472** |
| Помошник раководител на сектор | 360 | 200 | 560 | 48,52 | 27171 | 2.933 | **30104** | 406 | 200 | 606 | 75,3 | 45.632 | **30105** |
| Раководител на одделение | 300 | 200 | 500 | 48,52 | 24260 | 2.933 | **27193** | 346 | 200 | 546 | 75,3 | 41.114 | **27194** |
| Советник | 235 | 200 | 435 | 48,52 | 21106 | 2.933 | **24039** | 281 | 200 | 481 | 75,3 | 36.219 | **24040** |
| Виш соработник | 200 | 200 | 400 | 48,52 | 19408 | 2.933 | **22341** | 246 | 200 | 446 | 75,3 | 33.584 | **22341** |
| Соработник | 185 | 200 | 385 | 48,52 | 18680 | 2.933 | **21613** | 231 | 200 | 431 | 75,3 | 32.454 | **21614** |
| Помлад соработник | 155 | 200 | 355 | 48,52 | 17225 | 2.933 | **20158** | 201 | 200 | 401 | 75,3 | 30.195 | **20158** |
| - со вишо образование | | | | | | | | | - | - | | - | |
| Самостоен референт | 150 | 150 | 300 | 48,52 | 14556 | 2.933 | **17489** | 196 | 150 | 346 | 75,3 | 26.054 | **17489** |
| Виш референт | 135 | 150 | 285 | 48,52 | 13828 | 2.933 | **16761** | 181 | 150 | 331 | 75,3 | 24.924 | **16761** |
| Референт | 120 | 150 | 270 | 48,52 | 13100 | 2.933 | **16033** | 166 | 150 | 316 | 75,3 | 23.795 | **16033** |
| Помлад референт | 100 | 150 | 250 | 48,52 | 12130 | 2.933 | **15063** | 146 | 150 | 296 | 75,3 | 22.289 | **15063** |
| - со средно образование | | | | | | | | | - | - | | - | |
| Самостоен референт | 150 | 100 | 250 | 48,52 | 12130 | 2.933 | **15063** | 196 | 100 | 296 | 75,3 | 22.289 | **15063** |
| Виш референт | 135 | 100 | 235 | 48,52 | 11402 | 2.933 | **14335** | 181 | 100 | 281 | 75,3 | 21.159 | **14335** |
| Референт | 120 | 100 | 220 | 48,52 | 10674 | 2.933 | **13607** | 166 | 100 | 266 | 75,3 | 20.030 | **13607** |
| Помлад референт | 100 | 100 | 200 | 48,52 | 9704 | 2.933 | **12637** | 146 | 100 | 246 | 75,3 | 18.524 | **12637** |

Во Законот за државните службеници утврдени се бодовите за образование и звање, а со Одлука на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија бр.11/09) утврдена е вредноста на бодот во износ од 75,3 денари. Во делот од табела 1 кој се однесува на 2009 година во колоната означена со * Нови бодови, во потколоната „звање“ се прикажани променетите бодови за звање.

Доколку се спореди колоната „нето + храна и превоз“ од 2008 со колоната „нето плата“ од 2009 може да се забележи дека станува збор за идентични износи на плата за 2008 и 2009 година за различните категории на државни службеници, се овозможува вработените да земаат идентичен износи на take home плата. Согласно променетите бодови и променетата вредност на бодот се утврдува основната плата на државниот службеник.

Платата на државниот службеник се состои од следниве компоненти: основна компонента која ја сочинуваат основна плата, додаток на плата за звање и додаток на плата за кариера и исклучителна компонента која ја сочинуваат додаток на плата за посебни услови за работа и вонреден работен додаток на плата (прекувремена работа).

Во продолжение, следи пример за пресметка на плата за државен службеник со звање Советник каде како претпоставки се земаат следните: стажот на работникот изнесува 7 години, прекувремена работа од 10 часа и работа за празник од 8 часа.

Табела 2.

| | Број на бодови | Вредност на бод | Износ |
|---|---|---|---|
| Образование | 200 | 75,3 | 15060 |
| Минат труд | 200*3,5% | 75,3 | 527,1 |
| **Основна плата** | | | 15587,1 |
| Звање | 281 | 75,3 | 21159,3 |
| Основна компонента од платата во бруто износ | | | 36746,4 |
| Прекувремена рабата | (36746,4/176*135%*10) | | 2818,6 |
| Работа на државен празник | (36746,4/176*150%*8) | | 2505,4 |
| **Бруто плата во вкупен износ** | | | **42070,5** |
| | Стапки | Износ | |
| Придонес за ПИО | 19% | | 7993,4 |
| Придонес за здравство | 8,0% (7,5% + 0,5%) | | 3365,6 |
| Придонес за осигурување во случај на невработен | 1,4% | | 589,0 |
| Лично даночно ослободување | | 7000 | |

Минатиот труд се пресметува од бодовите за образование и бидејќи ви конкретниот пример станува збор за 7 години, односно 3,5% (7 год. * 0,5%), по основ на минат труд државниот службеник ќе добие 527 денари.

Основната плата ја сочинува износот на делот од платата која ја добива за образование и делот од платата кој го добива за минат труд. Кога на основната плата ќе се додаде износот на делот од платата кој го добива за звање се добива основната компонента на платата на државниот службеник во бруто износ. Понатаму, од основната компонента се утврдува вредноста на еден час работа (износот на основната компонента се дели со бројот на редовни работни часови во месецот (176) и добиената вредност се множи со бројот на прекувремени работни часови зголемени за 135%, односно 150% за работа во празник. На тој начин се добива делот од платата од исклучителната компонента.

Основната компонента од платата во бруто износ и исклучителната компонента ја даваат бруто платата во вкупен износ. Бруто платата во вкупен износ претставува основица од која понатаму се пресметуваат придонесите за задолжително социјално осигурување и персоналниот данок на доход.

## Како ќе се пресметуваат платите за вработените кои немаат статус на државни службеници

За различните категории вработени кои имаат посебно утврден статус (пример: вработени во полиција, лица на служба во Армијата, здравствени работници, вработени во образование, Царинска управа и слично) односно за пресметка на нивните плати не се применува Законот за државните службеници, туку актите со кој е утвден нивниот статус и каде се утврдени бројот на бодови, односно коефициентите преку кои се пресметува платата. Потребно е да се нагласи дека со конкректните акти се утврдува основната плата на вработениот која што треба да биде доведена до бруто износ.

На пример: во образование за наставник ВКВ стариот коефициент изнесува 2,4, неговата вредност 4340 денари со што вработениот земал take home плата (нето + храна и превоз) од 14546 денари. Согласно променетиот концеп, новата вредност на коефициентот изнесува 1,959, неговата вредност е 10.970 денари, со што работникот добива идентична take home плата од 14546 денари.

На идентичен начин како за конкретниов пример променети се и износите и вредностите на коефициентите и бројот и вредноста на бодовите за различните категории вработени, за кои инструкции ќе добиете од ресорните министерства.

**Важно:** *дополнителните примања за сите останати категории вработени се утврдени во колективните договори, а важно е да се напомене дека стапките ќе се применуваат на основната плата, без да се вклучува минатиот труд во основната плата. Истото е претставено во следниот пример.*

Пример: Пресметка на плата за полицаец

Претпоставки: Минат труд од 10 години, прекувремена работа 20 часа, работа во викенд 16 часа

Табела 3.

| Р.б. | | Бодови | 924 |
|---|---|---|---|
| 1 | 30% * бодови | Овластување | 277,2 |
| 2 | | Вкупно бодови | 1201,2 |
| 3 | | Вредност на бодот | 22,76 |
| 4 | 4 = 2 * 3 | **Основна бруто плата** | **27333** |
| 5 | Основна плата*5% (10 год. * 0.5%) | Минат труд, 10 години | 1367 |
| 6 | Основна плата / 176ʰ * 140% * 20ʰ | Прекувремена работа, 20 часа | 4348 |
| 7 | Основна плата / 176ʰ * 40% * 16ʰ | Работа во викенд, 16 часа | 994 |
| 8 | 8 = 4 + 5 + 6 + 7 | **Бруто плата во вкупен износ** | **34042** |
| 9 | 19,0% | Придонес за ПИО | 6468 |
| 10 | 8,0% (7,5% + 0,5%) | Придонес за здравство | 2723 |
| 11 | 1,4% | Придонес за осигурување во случај на | 477 |
| 12 | | Лично даночно ослободување | 7000 |
| 13 | | Основица за пресметка на ПДД | 17374 |
| 14 | 10% | ПДД | 1737 |
| 15 | | **Нето плата** | **22637** |

Од табела 3 се забежува дека основната бруто плата се пресметува кога вкупниот број на бодови ќе се помножи со вредноста на бодот. Понатаму, од основната бруто плата се пресметуваат минатиот труд, прекувремената работа и работата во викенд, согласно пропишаните проценти. Бруто платата во вкупен износ се добива кога на основната бруто плата ќе се додадат минатиот труд, прекувремената работа и работата во викенд. Бруто платата во вкупен износ претставува основица за пресметка на задолжителните социјални придонеси и персоналниот данок на доход.

**Како се пресметува платата на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката**

Во Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката не се направени измени на коефициентите. Исто така, не се променети ниту коефициентите за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија. Промена е направена само на вредноста на коефициентот и истата ќе изнесува **25.770** денари, а пресметката останува на ист начин како и досега.

Пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката кои примаат апанажа и понатаму ќе продолжат да ја примаат истата. Имено, согласно новиот начин на пресметка и исплата на плата, потребно е да се утврди нов бруто кој што ќе овозможи корисникот на апанажа да ја добие истата во идентичен нето износ ( во однос на ова напоменуваме дека во пресметките не треба да се користи дадената вредност на коефициент од претходниот став).

Пример: Ако поранешниот функционер добивал апанажа во нето износ од 30.000 денари месечно, истата во бруто износ, согласно новите стапки и новиот износ на личното ослободување, ќе изнесува 45.469 денари. Во бруто платата кај овие лица не се вклучуваат надоместоците за исхрана и превоз.

## Како се пресметуваат платите на вработените кои немаат статус на државни службеници ниту поинаков утврден статус, односно вработени се според Закон за работни односи

За сите овие лица (на пример курири и други технички лица кои немаат статус на државни службеници) бруто платата ќе се пресметува според следната формула:

$$\text{Бруто плата} = \frac{\text{Нето плата} + \{(\text{Нето плата} - \text{лично ослободување}) * 11{,}11111111\%\}}{0{,}716}$$

**Пример:** Доколку take home платата (нето плата + надоместок за храна и превоз) на вработениот во декември 2008 изнесува 10.000 денари, со примена на формулата неговата бруто плата за јануари 2009 изнесува

$$\frac{10000 + \{(10000 - 7000) * 11{,}11111111\%\}}{0{,}716} = 14.433$$

Доколку вработениот има бруто плата која е пониска од минималната основица за плаќање на придонесите, во тој случај износот на доплата до најниска основица се вклучува во неговата бруто плата за да се овозможи вработениот да зема идентичен износ на take home плата. Истото е прикажано со следниот пример:

Минималната основица за пресметка на социјалните придонеси е 13897 денари, односно 50% од просечната бруто плата која во примерот изнесува 27758 денари. Така, минималниот износ на социјални придонеси во примерот изнесува 3942 денари. За пресметките кои треба да се направат за платите за јануари 2009 година.

Пресметка без минимална основица

| | | |
|---|---|---|
| **12,104** | **Цела (бруто) плата** | |
| 2,300 | Придонес за ПИО | 19.0% |
| 908 | Придонес за здравство | 7.5% |
| 169 | Придонес за вработување | 1.4% |
| 61 | Професионално заболување | 0.5% |
| 3,438 | Вкупно социјални придонеси | |
| 7,000 | Лично ослободување | |
| 1,667 | Месечна даночна основица | |
| 167 | Персонален данок | 10% |
| **8,500** | **Нето плата + храна и превоз** | |

Пресметка со минимална основица

| | | |
|---|---|---|
| **12,104** | **Бруто плата** | |
| 2,637 | Придонес за ПИО | 19.0% |
| 1,041 | Придонес за здравство | 7.5% |
| 194 | Придонес за вработување | 1.4% |
| 69 | Професионално заболување | 0.5% |
| 3,942 | Вкупно социјални придонеси | |
| 7,000 | Лично ослободување | |
| 1,163 | Месечна даночна основица | |
| 116 | Персонален данок | 10% |
| **8,046** | **Нето плата + храна и превоз** | |

Со цел вработениот да добие идентичен износ на take home плата, односно за да не му се намалат примањата на конкретниот работник поради минималната основица за социјалните придонеси, треба да му се доплати (зголеми бруто платата) до износот на минималните социјални придонеси, односно 504 денари (3942-3438).

| | | |
|---|---|---|
| **12,608** | **Бруто плата** | |
| 2,637 | Придонес за ПИО | 19.0% |
| 1,041 | Придонес за здравство | 7.5% |
| 194 | Придонес за вработување | 1.4% |
| 69 | Професионално заболување | 0.5% |
| 3942 | Вкупно социјални придонеси | |
| 7,000 | Лично ослободување | |
| 1,667 | Месечна даночна основица | |
| 167 | Персонален данок | 10% |
| **8,500** | **Нето плата + храна и превоз** | |

Значи, за да добие работникот идентичен износ на take home плата, износот на доплата до минимална основица треба да се вклучи во неговата бруто плата.

**Важно:** *Просечната бруто плата за месец ноември 2008 година изнесува 27507 денари. Значи, ова е последниот објавен податок од кој треба да се тргне при утврдување на минималната основица од која ќе се плаќаат придонесите за месец јануари 2009 година, што значи дека минималната основица за месец јануари 2009 година изнесува 13753.5 денари.*

## Начин на исплата на плата и плаќање на придонеси за деташираните работници

Кај овие лица основица за пресметка и уплата на придонесите е просечната плата на работникот остварена во годината пред упатување на работа во странство, усогласена за

просечниот месечен пораст на платите кај работодавачот.

Почнувајќи од 2009 година основица од која што ќе се пресметуваат и плаќаат придонесите за задолжително социјално осигурување за лицата кои се испратени на работа во дипломатско конзуларните претставништва, а се од редот на државните службеници и јавната администрација се применува идентичен начин за пресметка на бруто платата како и за останатите службеници кои се на работа во Република Македонија. Значи, основицата за пресметка на придонеси за задолжително социјално осигурување која од 2009 година ќе се применува за пресметка на социјалните придонеси треба да се трансформира во бруто износ по новите бодови, коефициенти и вредност на истите.

Почнувајќи од 2009 година основица од која што ќе се пресметуваат и плаќаат придонесите за задолжително социјално осигурување за лицата кои се испратени на работа во дипломатско конзуларните претставништва, а не се од редот на јавната администрација потребно е да се утврди основица која ќе биде прикажана во бруто износ. Истата ќе се утврди на начин што нето платата пред упатување на работа во странство ќе се доведе до бруто износ (по стапките и износот на личното ослободување кои важат за 2009 година).

За Придонесите ќе се пресметуваат согласно оваа основица, во делот од МПИН Образецот каде се пресметува персонален данок на доход ќе се внесе посебна шифра и износот на ПДД ќе биде 0, а во делот од МПИН Образецот каде се пресметува ефективна нето плата за исплата исто така ќе се внесе 0. Девизниот дел од платата ќе се исплатува како и до сега.

## Договори за работа

Договорите за работа треба да ги содржат бруто вредностите, значи дека истите треба да се променат. Исто така, за вработените треба да се подготват и да им се доделат нови решенија за плата, согласно новите бодови, коефициенти, односно новата вредност на истите.

## Што е плата и на што се плаќаат задолжителните социјални придонеси

Платата е составена од основна плата, дел од плата за работна успешност (награди, бонуси и сл.) и додатоци на плата (додатоци за посебните услови при работа, за работа во смени, ноќна работа, продолжена работа, работа во празници, како и додаток за работен стаж).

На сите делови од платата се плаќаат задолжителни социјални придонеси. Значи и делот од плата за работна успешност на работникот подлежи на плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување.

Сите примања кои имаат третман на трошоци поврзани со работа, согласно закон и Колективен договор не влегуваат во категоријата плати и на нив не се плаќаат задолжителни социјални придонеси (пр. трошоци за одвоен живот, дневници за службено патување и тн.)

**Важно:** *Надоместоците за членство во Управен одбор немаат третман на плата и се исплатуваат само со персонален данок на доход. Исто така, паушал кој бил исплатуван кај дел од вработените во затворите нема третман на плата и понатаму ќе се исплатува само со персонален данок на доход.*

## Обврска за доставување на Ф1 образец и табела за времени вработувања

На идентичен начин како и досега буџетските корисници се обврзани до Министерството за финансии да го доставуваат образецот Ф1, како и табела за времени вработувања, за времените вработувања. Новиот формат на формуларите ви ги доставуваме во прилог.

Барањата за нови вработувања до Министерството за финансии се доставуваат со износ на бруто плата.

## Прилагодување на системите за пресметка на плати во институциите

Системите на кои се прават пресметките на плата во институциите ќе треба да се променат согласно променетиот концепт, односно да се прилагодат апликативните системи, за да можат да одговорат на новата обврска за генерирање електронска МПИН пријава. Од системите за плати не се очекува да генериираат електронска МПИН пријава, туку само подготвителен електронски фајл (датотека), кој потоа како влезен фајл за клиентскиот софтвер на УЈП за генерирање на МПИН, ќе биде трансформиран во МПИН криптиран образец, доколку го задоволува пропишаниот формат и неопходните контроли. Клиентскиот софтвер на УЈП (верзија 3.19) може да се добие од web страната на Управата за јавни приходи и од web страната www.cela plata.mk, како и да се подигне од подрачните единици на Управата за јавни приходи.

## Постапки и процедури за интегрирана исплата на плати преку Трезор

Првиот чекор при исплата на плати на вработените во јавна администрација започнува со доставување на образец МПИН до Управата за јавни приходи каде се врши контрола на доставената пресметка и истиот завршува со добивање на збирен налог за плаќање.

За исплата на плати на буџетските корисници чии сметки се во рамките на Трезорот, ќе се користи досегашната процедура за доставување на налозите за плаќање (образец 62 за исплата на платите и образец 70 за исплата на персонален данок и придонеси) до трезорските канцеларии, но со воведување на следниве промени:

-задолжително доставување на збирниот налог за плаќање одобрен од страна на Управата за јавни приходи до Трезорската канцеларија;

-во налозите за исплата на плати на вработените, персоналниот данок и придонесите **задолжително во полето цел на дознака (на почетокот) се впишува фолио бројот** добиен од Управата за јавни приходи;

-се исклучува досегашната постапка во ист период со исплата на плата, персонален данок и придонеси за вработените да бидат доставени и налозите кои се однесуваат на задршките од плата, односно потребно е ден по исплата на платите до трезорските канцеларии да се достават налозите кои се однесуваат на задршки од плата и во истите **во полето цел на дознака не е потребно да е впишан фолио бројот;**

-буџетските корисници кои имаат вработени лица со престој во странски земји при исплатата на плати за истите потребно е во образецот МПИН во колоната ефективна нето плата да впишат 0 (нула) за да се избегне влијанието на промената на девизниот курс, а притоа откупот на девизи за исплатата на платите да се реализира во нареден период. Налозите за исплата на плата на овие вработени (преку откуп на девизи) се поднесуваат до Трезорот наредниот ден по поднесувањето на налозите за платите за другите вработени (заедно со

персоналниот данок и придонесите) и притоа во истите **во полето цел на дознака не е потребно да е впишан фолио бројот.**

## Табела за отстапување на работник за привремени вработувања

| Број на работници | Образложение за потребата од ангажирање на работниците | Вид на образование | Работно искуство | Звање | Временски период на ангажирање ОД-ДО | Износ на нето плата | Износ на придонеси од плата | Вкупно бруто плата | Износ на вкупно планирани средства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

**Име на корисникот**

**Образец Ф1**

Пресметката е направена за месец

| Реден број | Единствен матичен број | Име | Презиме | Националност | Звање | Плата | Придонеси | Основна плата | Минат труд | Број на часови | Ноќна работа | Број на часови | Прекувремена работа | Посебен додаток | Работа во турнус | Дежурство | Парична награда | Статус | Степен на образование | Стаж во години | Стаж во месеци | Стаж во државна служба | пол | Вид на работен однос | Вид на промена | Датум на промена | Разделркб |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Вкупно: | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | | | | | |

**ОБЈАСНУВАЊЕ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ТАБЕЛИТЕ:**

- Во колната 5 се наведува националната припадност на секој врабтен на тој начин што се впишува првата буква од Националноста и тоа: за Македонци - М, Албанци - А, Турци - Т, Власи - В, Срби - С, Роми - Р, Бошњаци - Б и за другите - Д.
- Во колоната 6 се наведува звањето на функционерот според решението за именување за државни службеници во согласност со Уредбата од Законот за државни службеници, а за другите работници согласно решени на старешината
- Во колнота 7 се внесува бруто платата
- Во колоната 8 влегуваат вкупните придонеси по вработен, вклучувајќи ги и дополнителните 0,5 за здравство
- Во колоната 9 се внесува износот на основна плата
- Во колоната 10 се внесува износот за минат труд
- Во колоната 11 се внесува бројот на часови за ноќна работа
- Во колонта 12 се внесува износот за ноќна работа
- Во колонта 14 се внесува износот за прекувремена работа
- Во колнота 15 се внесува посебниот додаток
- Во колоната 16 се внесува износот за работа во турнус (смени)
- Во колоната 17 се внесува износот за дежурство
- Во колоната 18 се внесува износот на парична награда
- Во колоната 19, во случај кога се работи за функционер се става Ф, за државен службеник Д, за тие што имаат решение до стекнување статус на државен службеник С, а за други работници кои не се државни службеници Р.
- Во колоната 20 се венсуваат арапски броеви и тоа: 1 за НКВ; 2 за ПКВ; 3 за КВ; 4 за Основно; 5 за Средно; 6 за ВКВ; 7 за Више; 8 за Високо; 9 за Магистер; 10 за Доктор.
- Во колоната 21 и 22 се внесува вкупниот работен стаж на вработениот во години и месеци.
- Во колоната 23 се внесува стажот на државниот службеник при што се внесува: Н за стаж до 3 години, А за стаж од 3-6 години, Б за стаж од 6-9 години, В за стаж од 9-12 години и Г за стаж над 12 години
- Во колоната 24 се внеусва арапски број и тоа: 1 за маж и 2 за жена
- Во колоната 25 се внесува арапски број и тоа:1 за определено работно време,2 за неопределено и 3 за апанажа.
- Во колоната 26 да се наведе настанатата промена во статусот на работниот однос и ефективното работно време согласно следната легенда:е 1 - за редовно пензионирање, 2 за предвремено пензионирање, 3 за технолошки вишок, 4 за отказ, 5 заминување со спогодба, 6 вработување со превземање(спогодба), 10 именуван, 11 боледување, 12 боледување на терет на фондот, 13 породилно, 14 неплатено, 16 мирување, 66 вратени со судско решение.
- Во колоната 27 се внесува датата кога промената е започната, односно завршена.
- Во колоната 28 се внесува раздел и ркб на секој Буџетски корисник и единка корисник.